SAVA
OSIGURUVANJE

САВА осигурување, а.д. Скопје
Бр. 02-13238/14
16.03.2026

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА ФЛОТАНТНА ОСНОВА ОД ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

### Член 1

Осигурување по овие Услови можат да склучат правни лица кои уредно и ажурно водат пропишана книговодствена евиденција на непаричните обртни средства, врз основа на важечките законски прописи и доколку се осигураат сите залихи кои можат да бидат предмет на осигурување според Условите за осигурување од опасност од пожар и некои други опасности.

### Член 2

(1) Предмет на осигурување по овие Услови можат да бидат складираните залихи на: суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар (класа 3), освен автогумите во употреба, полупроизводите, недовршените производи, готовите производи и трговската стока (класа 6), опремата и средствата за работа во подготовка-инвестиционен материјал (025) и другите залихи на ствари кои можат да бидат предмет на осигурување од пожар и некои други опасности.

(2) Не можат да бидат предмет на осигурување само поодделни залихи (аналитички конта), кои се во состав на едно синтетичко конто.

(3) Залихи кои не се сопственост на осигуреникот, а се земени на доработка, сервисирање, чување или складирање не можат да бидат предмет на осигурување по овие Посебни услови.

### Член 3

(1) Залихите од член 2 на овие услови осигурени се на секои времени количества по единечни цени по кои се водат во книгите на осигуреникот на 31.12 . претходната година, доколку поинаку не е договорено.

(2) Доколку осигуреникот оцени дека цените, односно вредностите по единечните книговодствени цени од претходниот став, нема да одговараат на вистинските пазарни цени може над нив да договори зголемување:

- со договорено соодветно зголемување на книговодствените цени на залихите во процент над нивната книговодствена вредност.

(3) Основица за утврдување на сумата на осигурување на залихи, за договорениот квалитет од претходниот став, претставуваат просечните количества по единечни цени по кои се водат во книговодството на осигуреникот зголемени за договорениот пораст од претходниот став.

(4) Максималната обврска на осигурувачот за исплата на штети кај залихи осигурени на флотантна основа е осигурената сума наведена во полисата.

(5) Во случај кога штетата ја надминува наведената осигурена сума, а вредноста на залихите евидентирани во деловните книги на осигуреникот на денот на настанување на штетата е повисока од осигурената сума наведена во полисата, осигурувачот ќе ја надомести штетата и над износот на наведената осигурена сума. Во тој случај висината на надоместот на штета над осигурената сума може да изнесува најмногу 30%, при што исплатата на штетата во никој случај не може да биде повисока од износот на залихите евидентирани во деловните книги на осигуреникот на денот на настанување на штетата.

(6) Договореното зголемување на книговодствените цени на залихите осигуреникот е должен да го даде во писмена форма и тоа пред скаденцата.

### Член 4

Основа за пресметка на осигурителната премија е просечната месечна или тримесечна (квартална) сметководствена вредност на осигурените залихи од претходната осигурителна година која може согласно став 2 од член 3 од овие Посебни Услови да биде соодветно зголемена. До оваа основа се доаѓа така што збирот на месечните или кварталните состојби на сметководствените вредности на осигурените залихи од претходната година се дели со 12, односно со 4. Сметководствените состојби се земаат на последниот ден од месецот.

### Член 5

Во случај на штета, како основица за пресметка на штета на осигурените залихи се земаат единечните цени од книгите на осигуреникот (член 3, став 1 од овие Посебни Услови), односно коригираните единечни цени за договореното зголемување според член 3, став 2 од овие Посебни услови.

Доколку цените утврдени според претходниот став се повисоки од реалните – вистински цени на залихите на денот на штетата, висината на штета ќе се утврди според реалните вистински цени.

Под реални вистински цени на залихите се подразбираат:

- набавната цена на пазарот на денот на штетата (за материјалите, суровините, резервните, делови и ситниот инвентар на залиха, трговска стока и средства за работа во подготовка),
- цената на чинење на денот на штетата и тоа: за полупроизводите и недовршените производи - по фазни цени на чинење до извршениот степен на обработка и за готовите производи, имајќи ги предвид сите фази на обработка.

Во случај на подосигурување, односно ако единечните цени корегирани во смисла на член 3, од овие Посебни Услови се пониски од реалната вистинска вредност на залихите, начелото на пропорција нема да се применува, туку штетата ќе се решава според договореното ниво на цени со полисата за осигурување.

### Член 6

Доколку не се во спротивност со одредбите на овие Посебни Услови се применуваат и:

(1) Општите услови за осигурување имоти и
(2) Условите за осигурување од пожар и некои други опасности.

Rok Moljk
Digitally signed by Rok Moljk
Date: 2026.03.19 14:29:47 GMT

САВА осигурување Скопје SAVA